Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, точка 2, а во врска со член 25 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) на седницата одржана на ден 24.08.2017 година, донесе

**ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

(1) Во Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија бр.99/13, 113/14, 127/15 и 139/16), членот 35 се менува и гласи:

**„Член 35**

(1) Промената на ангажираната топлинска моќност според која се пресметува надоместокот на топлинска енергија се врши на почетокот на секоја грејна сезона.
(2) Периодот во кој се следи потрошувачката на топлинската енергија за промена на ангажираната моќност е една грејна сезона.
(3) Кога потрошувачот писмено најавил промена на пријавената топлинска моќност за следниот период, а со мерење е утврдено дека ангажира помала топлинска моќност од инсталираната, промената на топлинската моќност може да се изврши и после еден пресметковен период.
(4) Ангажираната топлинска моќност од претходниот период, за следниот период не се менува доколку Epot / Epre е од 0.7 до 1.3 во текот на претходната грејна сезона.
(5) Ангажираната топлинска моќност од претходниот период, за следниот период се намалува за 20%, доколку во изминатата грејна сезона односот Epot / Epre е < 0.7.
(6) Ангажираната топлинска моќност од претходниот период, за следниот период се зголемува за 20%, доколку во изминатата грејна сезона Epot / Epre е >1.3.
(7) Снабдувачот е должен да направи контрола на инсталиранта топлинска моќност доколку Epot / Epre е >1.5 или < од 0.5."

**Член 2**

(1) Во членот 36 зборовите „часови на работа на системот во разгледуваниот период" се заменуваат со зборовите: „часови на работа на котлите за производство на топлинска енергија во разгледуваниот период"

**Член 3**

(2) Во членот 41 зборовите „прогнозирани часови на работа на системот во разгледуваниот период" се заменуваат со зборовите: „прогнозирани часови на работа на котлите за производство на топлинска енергија за претстојната грејна сезона 2745".

**Член 4**

(1) По членот 41 се додава нов под-наслов и нов "Член 41-а", кои гласат:

“**Корекција на прогнозираната топлинска енергија за авансните пресметки од страна на потрошувачите**

**Член 41-а**

(1) Потрошувачите можат сами да побараат корекција на прогнозираната топлинска енергија за авнасните пресметки на ниво од ±10% со соодветно образложение за истото. За колективните стамбени објекти барањето е потребно да го направи органот на управување со објектот во согласност со Законот за домување.

(2) Снабдувачот ќе го разгледа барањето и доколку постојат објективно причини истото ќе го прифати.“

**Член 6**

(1) Овој Тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

**бр. 01-1438/1**
**24.08.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**